

ПАТРИМОНИУМ.МК, година 16, број 21 / 2023
УДК: 069.51:391.7(497.784)
069.51:671.121.5(497.784)

Владимир ТАНЕВСКИ и Христијан ПЕТРОВСКИ

# ЦРКВАТА СВ. ИЛИЈА (СВ. НИКОЛА) ВО СЕЛО ГРНЧАРИ*

**Клучни зборови**: *црква, византија, поствизантија, св. Илија, фрескоживопис, архитектура*

***Апстракт:*** *Трудот претставува анализа на црквата Св. Илија (Св. Никола) во селото Грнчари покрај Преспанското езеро. Црквата Св. Илија е сместена на 3 км југоисточно од селото и има улога на главен храм на Грнчарскиот манастир. Во оваа мала еднокорабна црква, може да се следат неколку сликарски и градителски фази, создавајќи една целина која опстојала низ вековите. Се надеваме дека преку овој научен труд ќе придонесеме до научната дискусија за оваа црква, за нејзината сликарска програма и прецизното датирање на ѕидното сликарство од втората фаза. Дополнително ќе ја популаризираме со цел запознавање на пошироката јавноста со овој споменик на културата.*

Историјатот на црквта Св. Илија, и општо на Преспанскиот регион во XIII век, е малку истражен. Историјата на Преспанскиот регион е славна, и секогаш ќе се поврзува со царот Самоил, чијашто престолнина била во Преспа сѐ до околу 1000 година кога е преселена во Охрид. После распадот на славното царство, историјата на овој предел во голема мера не нѝ е позната. За важноста на овој регион несомнено говори црквата Св. Ѓорѓи во село Курбиново, изградена и живописана во 1191 година[1], иако, за жал, ктиторот на оваа значајна црква не ни е познат. Периодот на XIII век за Византија е мошне бурен, бидејќи при налетот на крстоносците за време на Четвртиот крстоносен поход, Византија била растурена, Константинопол бил заземен, а малите држави кои произлегле од големото царство често војувале помеѓу себе. За историјата на Преспанскиот регион говорат и големиот број на археолошки наоди од средновековниот период, на пример во с. Претор се пронајдени четири средновековни цркви[2]. Понатаму во с. Сопотско, на лок. „Бела Црква" во 1955 година се пронајдени 2400 монети, а во 1961 година се пронајдени 427 бакарни скифати од XII – XIII век[3]. Во с. Коњско е пронајдено депо со 660 монети, од кои 198 се од времето на Алексеј III Ангел (1195 – 1203) и 9 од времето на Теодор I Ласкарис (1204 – 1222)[4]. Од историските извори дознаваме дека во 1230 година, по битката кај Клокотница, Преспа паднала под власта на средновековната бугарска држава[5]. Треба да се напомене дека во подоцнежните историографски документи, има различни варијанти на името на селото и тоа: Грчани, Грнцари, Гернчјари, Грнчара и Грнчари[6]. Покрај тоа што историјата не ни е целосно позната, храмот посветен на св. Илија бил, и сѐ уште е, живо светилиште кое зрачи со духовна моќ. Во 1933 година е евидентирано дека на денот на манастирската слава, црквата ја по-

* Би сакале да изразиме сесрдна благодарност на проф. д-р. Елизабета Димитрова и д-р. Јехона Спахиу Јанчевска за безрезервната помош при изработка на овој труд. Изразуваме благодарност и до Елеонора Михаиловска која изработи нов план на црквата според димензиите од докторатот на проф. д-р С. Коруновски .

[1] С. Коруновски, Е. Димитрова, *Византиска Македонија: Историја на уметноста на Македонија од IX до XV*, Скопје 2006, 74.

[2] Д. Коцо (ред.), *Археолошка карта на Р.М, том.2*, Скопје 1996, 341.

[3] С.С, В.С, *Бела Црква*, 34. Сопотско, XXIV. Ресен, Д. Коцо (ред.), *Археолошка карта на Р.М, том.2*, Скопје 1996, 342.

[4] Д. Размовска – Бачева, *Две доцновизантиски депоа од Охридско – Преспанскиот регион*, Macedniae Acta Archeologica, 7 – 8, Скопје 1981, 221.

[5] Т. Томоски, *Преспа во средниот век*, Историја, XV, бр.2, Скопје 1979, 81.

[6] В. Јовановски, *Населбите во Преспа,* Скопје 2005, 81.



Сл.1 Поглед од запад

сетувале огромен број на жители од соседните села[7].

Преспанскиот регион во средниот век има значајна црковноградителска традиција од која, како период, најмногу отскокнува X век кога Преспа била престолнина на Самоиловата држава за што ни посведочува катедралната црква Св. Ахил на истоимениот остров во Мала Преспа[8]. Од периодот на изградбата на црквата Св. Илија, XIII век, во преспанскиот регион можеме да ги издвоиме црквите Св. Апостоли на островот Св. Ахил, која денес е разрушена, црквата Св. Никола кај селото Винени како и пештерската црква Св. Преображение[9]. Други примери на цркви, пак, од истиот период и истата типологија, односно еднокорабна црква, претставуваат и црквите Св. Никола и Св. Петар во Прилеп како и Св. Димитрија во Велес[10].

Самата црква Св. Илија претставува скромна, еднокорабна градба со релативно мали димензии. Како и повеќето други цркви од оваа типологија во Македонија, така и оваа црква на исток има апсида која е тристрана од надворешната страна, а е полукружна од внатрешната, додека пак, протезисот и ѓакониконот на север и на југ од олтарната апсида се редуцирани до ниши. Црквата има правоаголна основа со димензии 7 x 4.5м, со внатрешна ширина од 2.29м, а должина од 6.7м[11]. Наосот на црквата претставува правоаголник со големина од 3.8 x 2.29м, а на исток низ целата должина на олтарната апсида, која изнесува 2.85м, има насип со висина од 1.1м[12]. Ѕидовите во долните делови имаат дебелина од 0,75м, додека висината на ѕидовите од 3,5м го означуваат почетокот на полувалчеститот свод[13]. Обработката на фасадата е изведена со камен и тула создавајќи опус “cloisonné”, со тоа што облиците и димензиите на употребените камења се разновидни. Ваквиот опус почнува од подножјето на ѕидовите со тоа што вообичаеното камено подножје не е присутно. Фасадната декорација е изведена така што над секој хоризонтално поставен

[7] Г. Трайчевъ, *Манастиритъ въ Македония*, София 1933, 56.

[8] К. Томовски, *Христијанска архитектура во Преспа*, Зборник на Архитектонскиот Факултет, I, Скопје 1977, 5.

[9] D. Evyenidou, I. Kanonidis, T. Papazotos, *The Monuments of Prespa*, Athenes 1991, 16 - 59.

[10] С. Коруновски, *Црковната архитектура во Македонија,* (докторска дисертација), Скопје 2000, 43-69.

[11] Ibid, 43.

[12] Ibid, 44.

[13] Ibid, 44 .



Сл. 2 Поглед од југо-исток

ред тули се поставуваат две вертикални тули во спојниците меѓу камењата[14]. Отстапки од ова има, имено, на северната фасада кадешто се делумно дуплирани хоризонталните редови на тули, и на источната фасада каде што, на места, меѓу спојниците на камењата е поставувана само по една вертикална тула[15]. Ѕидовите во вертикала завршуваат со двојна запчеста лента каква што има на јужниот ѕид и која него го дели на два дела. Во горниот дел на јужниот ѕид е изведен и декоративен фриз составен од наизменично поставени хоризонтални и вертикални тули. Над овој фриз се јавува и украсна лента ограничена со два хоризонтални реда на тули исполнета со кршени камења. Овој фриз се движи долж трите фасадни ѕидови на црквата, со тоа што на источната фасада на места е дуплирана, а на места недостига, а на северната фасада е двојно поширока со ширина од 0.3-0.4м[16]. На источната фасада доминантно место зазема слепата ниша, изведена во најголем дел, од тули, а во долниот дел на средината има тесен прозорец[17]. Во XIX век градбата била реновирана, што се свело на поставување на контрафори на се-




03 План Св. Илија-Грнчари (автор Е. Михаиловска)

---

[14] К. Томовски, *Христијанска архитектура во Преспа*, 16.

[15] С. Коруновски, *Црковната архитектура во Македонија, (докторска дисертација)*, 44.

[16] Ibid, 44-45.

[17] Ibid, 45.



Сл. 4 Успение на Богородица и Преображение

верниот и јужниот ѕид, при што јужната контрафора делумно го покрила единственото прозорец од наосот на црквата. Во поново време тој прозорец е повторно отворен. Мали поправки има и на делови на фасадите и на покривот[18]. Слични вакви контрафори има и на црквата Св. Ѓорѓи во кичевското село Вранештица, подигната на крајот на XV век[19].

Во внатрешноста на храмот се зачувани фрагменти со фрескоживопис кои претходните истражувачи ги датирале во XIII век. Зачуваните фрагменти се наоѓаат на западниот и јужниот ѕид. Од најстариот слој фрескоживопис се зачувани следните претстави: на западниот ѕид, над вратата, се зачувани остатоци од композицијата Успение на Богородица (Н КНІМНΣІΣ[20]); над оваа сцена се зачувани фрагменти од сцената Преображение Христово[21]. Претставата на Успението која е најдобро сочувана зазема простор од 2,5м$^2$, а бројот на учесници е сведен на минимум[22]. Во централниот дел е Богородица, положена на одар и облечена во мафорион. Сепак, во Успението највпечатлива личност е претставата на Христос во мандорла, со лицето свртено во полупрофил, кој во рацете држи повиено бебе кое е симбол на праведната душа на Богородица. Во композицијата се препознава и фигурата на апостолот Јован Богослов и на апостолот Петар кој кади со кадилница. Од Преображението се гледаат фрагменти од апостолите кои го посведочиле настанот, делови од Таворската гора и дел од уште една фигура (лево) најверојатно на пророкот Илија кој се претставува во рамките на оваа сцена. На западниот ѕид јужно од вратата се гледаат фрагменти од

[18] Ibid, 45-46

[19] З. Расолкоска – Николовска, *Црквата Св. Георги во Вранештица*, Зборник 1: Средовековна уметност, Скопје 1993, 88

[20] Погрешно сигнирано (Н КНІМНΣІΣ наместо Н КОІМНΣНΣ)

[21] К. Балабанов, А. Николовски, Д. Ќорнаков, *Спомениците на културата во Македонија*, Скопје 2010, 233

[22] P Miljkovic-Pepek., *L'église de Saint-Élie prés du village de Grnčari*, Byzantion, XXXVIII, Leuven 1968, 426 – 427



Сл. 5 Св. Бессребреници Кузман и Дамјан

фрескоживопис, според нас ова е претстава на водачот на небесните војски – Архангелот Михаил, кој најчесто се слика во близина на главниот влез. Северно од вратата има остатоци од фрескоживопис кои, поради фрагментираноста, не бевме во можност да ги идентификуваме. На јужниот ѕид се зачувани фрагменти на кои се гледаат две фигури на двајца млади свети лекари и најверојатно тоа се Светите Бессребреници, браќата Кузман и Дамјан. Се забележуваат остатоци од нивните одежди, дел од ликовите и кутиите со лекови. За сличноста на фрескоживописот со Курбиново недвосмислено говори композицијата Успението на Богородица, П. Миљковиќ - Пепек во својот труд го наведува истиот став[23]. Имено, веќе во науката е етаблирано мислењето дека во XIII век, постоеле неколку сликарски текови, меѓу кои и еден кој се карактеризира со влијанија од Курбиново и графицизмот на Комненовската епоха[24]. Сличност има и во претставувањето на останатите фигури, т.е. апостолите, меѓу кои Петар исто како во Курбиново кади со кадилница, а притоа со едната рака ја потпира главата и е претставен во длабоко жалење. Тоа што лесно се забележува е графицистичкиот манир на сликање, дополнет со скромен колорит на бои и нагласување на тродимензионалноста со темни сенки, од фрагментите од претставата на Успението може да се забележи дека зографот имал тенденција да претставува живи т.е. динамични гестови. Од претставата на светите лекари може да се забележи дека зографот доволно ја познавал иконографската матрица, и бил вешт цртач. Веќе е познато дека фрескоживописот во црквата Св. Ѓорѓи во с. Курбиново (1191) се одликува со: темпераментен и енергичен цртеж, елегантни фигури, разиграни драперии и префинета колористична палета[25]. Зографот од Грнчари се потрудил да ги следи карактеристиките на зографот од Курбиново, но очиглед-

[23] Ibid., 429

[24] E. Dimitrova, *Seven Streams: The Stylistic Tendencies of Macedonian Painting in the 13th century*, Niš and Byzantium, XI, Niš 2008, 194 – 195

[25] С. Коруновски, Е. Димитрова, *Византиска Македонија: историја на уметноста на Македонија од IX до XV век,* 80

но не бил толку вешт. Фрескоживописот од XIII век во оваа црква е осамен пример во регионот на Преспанското езеро, што и покрај скромната зачуваност на фрескоживописот зазема значајно место во средновековната уметност во Македонија. Од XIII век во Македонија потекнуваат следните фрескоансамбли: Св. Никола – с. Манастир (1271)[26], Св. Јован Богослов – Канео (1270 – 80ти)[27], Св. Архангел Михаил – Варош (1270 – 80ти)[28], Св. Димитрија во Варош (Прилеп) – околу 1290[29], Св. Богородица Перивлепта (1295)[30], Св. Никола во Варош (Прилеп) – 1298[31], делови од фрескоживописот од пештерската црква Св. Архангел Михаил – с. Радожда (крај на XIII век)[32] и делови од фрескоживописот од пештерската црква Св. Еразмо (последни децении на XIII век)[33], со тоа фрескоживописот во Грнчари е деветти на територијата на нашата земја. Понатаму тој говори за уметници кои влечеле инспирација од еден од највредните средновековни фрескоансамбли на нашата територија – црквата Св. Ѓорѓи во Курбиново, насликан во 1191 година, и ја почитувале традицијата на фрескоживописот од периодот на Комнените[34].

Во подоцнежните векови, попот Димитар и син му Рајко (Ратко), чии имиња ги дознаваме од старословенскиот натпис на северниот ѕид, биле ктитори на обновата на храмот. Натписот во целост гласи: **ПРНМІ ГІ МОЛЄНІЄ РАБА СВОЄГО ПОПА ДІТРА І СІНА МУ РАТКА ІАКОЖЕ ПОКРЕПІШЕ ІѰ ПІСАШЕ І НАСАДІШЕ І ОСЛОБОДІШЕ СЪІ ХРАМ БОЖЪСТЪВНІ СТІГО НИКОЛУ**. За жал, лишени сме од иформацијата за годината на оваа обнова. Дознаваме дека храмот бил посветен на Св. Никола, за денешното именување на храмот како Св. Илија не најдовме информации. Фрескоживописот од втората фаза е зачуван на сводот и на источната половина на црквата. П. Миљковиќ - Пепек наведува дека под фрескоживописот од поствизантискиот период не постои постар слој фрескоживопис[35]. Истиот



**Западен ѕид:**
1 - Преображение Христово (XIII век)
2 - Успение на Богородица (XIII век)
3 - Фрагменти со фрескоживопис (XIII век)
4 - Фрагменти со фрескоживопис (XIII век)
**Јужен ѕид:**
1 - Св. Бессребреници Кузман и Дамјан (XIII век)
2 - Св. Димитрија (XV/XVI век)
3 - Св. Никола (XV/XVI век)
4 - Св. Ахил Лариски (XV/XVI век)
5 - Сретение (XV/XVI век)
6 - Раѓање Христово (XV/XVI век)
7 - Пророк Валаам (XV/XVI век)
8 - Непознат/оштетен пророк
9 - Пророк Самоил (XV/XVI век)
10 - Пророк Исаија (XV/XVI век)
11 - Серафими (XV/XVI век)
**Северен ѕид:**
1 - Св. Петар Александриски (XV/XVI век)
2 - Деисис (XV/XVI век)
3 - Мироносици на гробот (XV/XVI век)
4 - Симнување во Адот (XV/XVI век)
5 - Пророк Давид (XV/XVI век)
6 - Пророк Соломон (XV/XVI век)
7 - Пророк Захарија (XV/XVI век)
8 - Пророк Арон (XV/XVI век)
9 - Серафими (XV/XVI век)
**Источен ѕид:**
1 - Службата на архијереите (XV/XVI - XIX век)
2 - Допојасна Богородица со Христос на гради (XV/XVI - XIX век)
3 - Вознесение Христово (XV/XVI - XIX век)
4 - Благовештение (XV/XVI век)
5 - Св. Стефан (XV/XVI - XIX век)

автор понатаму наведува дека дел од овој поствизантиски фрескоживопис, кој досега никој точно не го датирал е пресликан во XIX век[36]. Наша претпоставка е дека овој слој на фрескоживопис е насликан на крајот на XV и почетокот на XVI век, за што ќе елаборираме подолу во трудот.

За опис на фрескоживописот би започнале од сводната површина, на западниот дел од сводот е претставен Христос Емануил (**ІС ХС**), понатаму во средината е претставен Христос Старец на деновите (**ІС ОГТАН**), а на аглите се претставени симболите на евангелистите (Матеј – ангел, Марко – лав, Лука – бик и Јован – орел) на крај над олтарот е претставен Христос Пантократор (со особено видливи интервенции од XIX век). Во лента на сводната зона се претставени серафими, а под нив пророци. Во црквата на Св. Ѓорѓи во с. Годивје (средина на XV век), на дел од најгорните ѕидни површини има претстави на серафими[37]. Серафимите, според Псевдо Дионисиј Ареопагит се сместени највисоко на небесната хиерархија, нарекувајќи ги пламени или пак суштества кои

[26] Ibid., 140

[27] Ibid., 142

[28] Ibid., 144

[29] Ibid., 146

[30] Ibid., 150

[31] Ibid., 147

[32] В. Таневски, *Претставите на св. Климент на крајбрежјето на Охридското езеро*, Историја, LVII, 2, Скопје 2022, 103 - 123

[33] П. Кузман, Е. Димитрова, *Охрид: sub specie aeternitatis,* Охрид 2010, 228

[34] P Miljkovic-Pepek., *L'église de Saint-Élie prés du village de Grnčari*, 431

[35] Ibid., 426

[36] Ibid., 426

[37] Г. Суботиќ, *Охридската сликарска школа од XV век*, Охрид 1980, 27 - 34



Сл. 6 Христос Емануил

непрестајно горат со оган, тие се најблиску до Бога, со нивната моќ ја уништуваат и темнината[38]. Како најблиску до Бога се спомнуваат и во Откровението на Јован (Откр 4:8)[39]. Покрај горе наведениот пример од Св. Ѓорѓи во с. Годивје, кој одговара хронолошки, серафими на највисоките зони во храмовиот ентериер се претставувале уште во претходните векови како на пример во: катедралата во Чефалу – Сицилија (1131 – 1148)[40] и Св. Софија во Трабзон (околу 1250)[41]. Помеѓу серафимите се насликани и декоративни мотиви со различни елементи, некои се медалјони со крстови, додека други се претстави на ѕвезди обиколени со бели точки. Сите декоративни елементи се насликани со бела боја. На северниот ѕид се претставени пророците, кои ги идентификувавме според сочуваните сигнатури, северен ѕид (з-и): Давид (ДАВН ПРОРО...), Соломон (СОЛОМОН ПРОРО...), Захарија (ѮАХАРНА ПРОРО...) и Арон (АРОН ПРОРОК), а на јужниот ѕид (и-з): Исаија (НСА[] ПРОРО…)[42], Самоил[43], еден непознат и Валаам (ВАЛАА...). Пророците држат свитоци со испишани текстови[44] кои најверојатно се нивните виденија и ги држат симболите на нивните виденија. Под пророците, во највисоката ѕидна зона се претставени Големите празници од кои се зачувани неколу сцени. Благовештението е насликано на источниот ѕид,

[38] J. Parker, *The Works of Dionysius the Areopagite: part II – The Heavenly Hierarchy and Ecclesiastical Hierarchy,* London 1899, 27 – 31

[39] „Четирите животни имаа по шест крилја околу себе, а однатре беа полни со очи, и без прекин дење и ноќе восклицуваа: „Свет, свет, свет е Господ Бог Седржителот, Кој беше, Кој е и Кој ќе дојде!“

[40] A. Eastmond, *The Glory of Byzantium and Early Christendom*, New York 2013, 208

[41] Ibid., 248

[42] Дел од натписот на овој пророк е оштетен, но се гледа дел од натписот „пророк“ што асоцира дека ова е претстава на пророкот Исаија.

[43] Натписот не е зачуван, но според рогот кој фигурата го држи во рака, карактеристичен за пророкот Самоил, можеме да заклучиме дека ова е негова претстава. Пророкот Самоил е автор на две книги во Стариот Завет. Познато е дека Самоил го помазал со елеј, нивот цар на Израел – Давид. „Самоил го зеде рогот со масло и го помаза среде браќата негови, и Духот Господов почиваше врз Давид од тој ден и подоцна“ (1 Цар 16: 13)

[44] За жал, голем дел од текстовите се уништени.



Сл.7 Источен дел на сводот

во втората зона северно и јужно од апсидата, северно е Архангелот Гаврил: АРХАНГЕЛ ГАВРИЛ, јужно е Богородица: МР ѲV. Раѓањето на Христос се наоѓа на јужниот ѕид, претставена е и епизодата капењето на малечкиот Христос, што е честа појава во византиската уметност и разговорот на ангелот со пастирот, кога му ја соопштува веста за Христовото раѓање[45]. Сретението, со натпис: СІМЕОНОВО ПРІЕТІЕ е насликано на јужниот ѕид. На северниот ѕид се композициите: Мироносници на гробот (се читаат натписи: ЖЕНІ МІРОНОСІЧІ и ПОВОСЪШХѢЕТЕ ЖІВАГО СЪМРТРВІМІ)[46] и Симнување во Адот. Вознесението Христово[47] под кое има претстава на Мандалионот или Убрус се наоѓа на источниот тимпанон над апсидата. Наша претпоставка е дека сводните површини и највисоките ѕидни површини се пресликани во XIX век, ваквата претпоставка ја базираме на фактот што тоналитетот, стилот, и евидентното отсуство на пропорции не се главните карактеристики на постариот слој на фрескоживопис. Пресликата лесно се воочува на претставите на сводот. Исто така претпоставуваме дека оваа преслика, како и сите останати преслики, била изведена во рамките на истиот зафат со кој црквата била обновена и биле поставени надворешните контрафори. Во конхата на апсидата е претставена допојасна претстава на Богородица со Христос на градите, фланкирана од ангели. Во првата зона на апсидата е насликана Службата на архијереите, левата група ја сочинуваат: св. Василиј Велики (СТІ ВАСІЛІЕ), на свитокот се чита: БЛАГОСЛОВІ ВЛАДІКО БЛАГОСЛОВЕНОЕ ЧАРСТВО ТВОЕ[48] и св. Григориј (СТІ ГІГОРІЕ), на свитокот се чита: ΠΙΣΤΕΥΩ ΕΙΣ ΕΝΑ ΘΕΟΝ, ΠΑΤΕΡΑ, ΠΑΝΤΟΚΡΑΤΟΡΑ, ΠΟΙΗΤΗΝ

[45] Оваа сцена/епизода е преземена од евангелието според Лука, „И одеднаш се јави ангел Господов меѓу нив и славата Господова ги осветли; и се уплашија многу. А ангелот им рече: „Не плашете се! Еве, ви навестувам голема радост, која ќе биде за сите луѓе; зашто денеска ви се роди во градот Давидов Спасител, Кој е Христос Господ; Ова ќе ви биде знак: ќе најдете повиен Младенец, како лежи во јасли." (Лука 2: 9 – 12)

[46] Ова е најверојатно верзија на текстот на евангелието според апостолот Лука – „Зошто Го барате Живиот меѓу мртвите?" (Лука 24: 5)

[47] Постојат два натписа но тешко се оштетени, за жал ние не можевме да ги прочитаме.

[48] Според нас предлошка треба да се бара во Литругијата на Василиј Велики или пак во Литургијата на Јован Златоуст – *Служебник,* Београд 2017, 65 – 163, 163 - 229



Сл. 8 Раѓање на Исус

OYPANOY[49]. На десната се претставени: св. Јован Златоуст (СТІ ІѠВАН), на свитокот се чита: ΕΞΑΙΡΕΤΩΣ ΤΗΣ ΠΑΝΑΓΙΑΣ ΑΧΡΑΝΤΟΥ Η ΕΝΔΟΞΟΥ, ΔΕΣΠΟΙΝΗΣ ΗΜΩΝ[50], и св. Атанасиј (СТІ АѲАНАСІЄ), на свитокот се чита: ΤΑ ΣΑ ΕΚ ΤΩΝ ΣΩΝ ΣΟΙ ΠΡΟΣΦΕΡΟΝΤΕΣ ΚΑΤΑ ΠΑΝΤΑ ΚΑΙ ΔΙΑ ΠΑΝΔΑ ΣΕ ΥΜΝΟΥΜΕΝ[51]. Сите свети отци/архијереи се сигнирани без епитетите. Тука е важно да се напомене дека св. Григориј е насликан со капа што не е карактеристично за овој светител. Во близина на нишата која служела како протезис е насликан архиѓаконот Стефан (СТІ СТЄФАН), грубо пресликан во XIX век, во едната рака држи долг свиток, а во другата кадилница. На северниот ѕид веднаш до нишата е претставена фигура сигнирана како св. Петар (СТІ ПЄТЄРЪ) облечен во фелон, хитон и омофор декориран со крстови, со рацете е претставен во став на молење, а главата т.е. погледот му е кренат нагоре. Според физиономијата, и словенскиот текст на свитокот (ХССТЄ ТКО МІ ТІ РІЗꙊ РАЗОРІ І СТРЄСЄ...) може да се заклучи дека ова е претстава на св. Петар Александриски, дел од сцената Визијата на св. Петар Александриски, но тука треба да се напомене дека недостига останатиот дел т.е. претстатава на Христос, но и грешникот Ариј[52]. Познато е дека композицијата Визијата на св. Петар Александриски, која што најчесто се слика на ова место, во поствизантиската уметност задолжително се слика во храмовите и преку неа се упатува симболичка опомена против секоја ерес[53]. На ваквото единечно претставување на св. Петар Александриски не успеавме да најдеме аналогии. Наша претпоставка е дека фрескоживописот на источниот ѕид е пресликан во XIX век а лесно се воочува разликата на стилот на зографот. Од спротивната страна, на јужниот ѕид, има претстава на св. Ахил Лариски (СТІ АХІЛІЄ), светител чијшто

[49] Според преводот е: „Верувам во еден Бог Отец, семоќен...“, што е дел (верзија) од Симболот на Верата, кој започнува со: „Верувам во Едниот Бог Отец, Седржител, Творец на небото и земјата...“ – *Православен молитвеник*, Скопје 1988, 19

[50] „Спомнувајќи ја Пресветата, Пречиста, Преблагословена, славна Владичица“ – што е дел од Литургијата на св. Јован Златоуст. - *Служебник*, 2017, 95

[51] „Ти принесуваме сѐ што е твое за век и векови “ - Дел од Литургијата на Јован Златоуст.

[52] М. Медић, *Стари сликарски приручници III: Ерминија о сликарских вештинама Дионисија из Фурне,* Београд 2006, 395

[53] Ј. Спахиу – Јанчевска, *Црквата свети Никола во Топличкиот манастир,* Скопје 2021, 62; T. Kuneva, *On an Iconographic Version of the Vision of St. Peter of Alexandria from the 15 – 16th century*, Мотиви. Модели. Подготвителни рисунки, София 2020, 375 - 391



Сл. 9 Мироносници на гробот

култ е многу почитуван во Преспанскиот регион, овој портрет е веќе познат во научната јавност[54]. Светителот е претставен фронтално, облечен во хитон, химатион и омофор декориран со крстови, во едната рака држи книга/евангелие, а со другата благословува. Култот на св. Ахил Лариски, кој учествувал на Соборот во Никеја (325 г.), во Преспа и Македонија започнал да се шири во X век. Поточно по освојувањето на Лариса во 985 – 986 година од страна на царот Самоил, кога ги пренел моштите на светителот во Преспа, со цел да го зајакне државниот и црковниот легитимитет на својата држава[55]. Претставувањето на овој светител во олтарниот простор дополнително говори за важноста на култот на св. Ахил Лариски во Преспанскиот регион. До оваа претстава од друга страна на иконостасот, е насликан патронот на храмот св. Никола (СТІ НІКОЛАЄ), облечен во полиставрион под кој има хитон и епитрахил, над полиставрионот има омофор декориран со крстови. Ликот ја има стандардната иконографија. До св. Никола, е претставен светиот воин Димитрија (СТІ ДНМІТРІЄ), во панцир, врз кој има наметка и во едната рака држи копје. Светиот солунски великомаченик Димитрија е насликан веднаш до патронот на храмот, најверојатно поради фактот што св. Димитрија се поврзува со името Димитар од ктиторскиот натпис. Во панданство т.е. на север-

[54] Ц. Грозданов, *Ахил Лариски во византискиот и поствизантискиот живопис*, Курбиново и други студии за фрескоживописот во Преспа, Скопје 2006, 295; P Miljkovic-Pepek., *L'église de Saint-Élie prés du village de Grnčari*, 423

[55] Ibid., 275



Сл. 10 Богородица со Христос во конхата

ниот ѕид има претстава на Деисисот, во кој доминира претставата на Христос облечен во дивитисион и лорос (иако е лорос, се забележуваат грубо насликани крстови кои најверојатно потекнуваат од XIX век) со затворена круна - камелавкион на главата. Во раката држи отворена книга, на која на едната страна на словенски е испишано ПРІ []ЛАГОСЛОВЕНІ ОД О[]А МОЕГО, додека на другата страна која е оштетена се чита: ІАКОВІНАСЛѢХУБА. Покрај оштетеноста на едната страна, можеме да заклучиме дека е испишан текст од евангелието според Матеј, испишан е делот Матеј 25: 34[56]. Во композицијата се инкорпорирани и други натписи, помеѓу нив и натпис кај претставата на св. Јован Крстител (СТІ ІОВАН), напишан на словенски јазик што е обраќање кон Христос - СЛІШАІ МАТЕР СВОІО. На долгиот натпис на Богородица (МР ѲV) се чита: ТІБОМОНОЛІОТІ СЕ ЗА ХРІСТІАНІ ПОМНАУЛА ВЛАДІКО.[57] Слично вака конципиран Деисис има и во црквата Св. Богородица во манастирот Матка, кај Скопје, датирана во 1496/97 година, на оваа композиција Христос носи царски инсигнии, а Богородица мафорион и хитон[58]. Со ова дополнително се потврдува нашата претпоставка дека овој слој на фрескоживопис потекнува од крајот на XV или пак почетокот на XVI век.

Треба да се напомене дека на западната фасада се наоѓаат фрагменти од тешко оштетен фрескоживопис. Секако, може да се забележи дека над вратата во насликана лунета т.е. имитација на лунета, е насликана допојасна претстава на патронот на храмот. Останатиот дел од фрескоживописот, за жал, не успеавме да го идентификуваме.

Во поглед на стилот на зографот, може да се заклучи дека авторот на втората фаза на фрескоживописот не бил толку вешт при изведбата, и најверојатно бил некој локален зограф. Некои од наведените натписи се напишани на грчки додека други на словенски, но ова со сигурност се должи на (не)знаењата на зографот и ерминијата што ја користел. Дополнително, констатираме натписи кои се напишани на словенски јазик, но употребувајќи грчки букви, што претставува одлика на преспанскиот регион сè до XIX век. Според

56 „Дојдете, благословени од Мојот Отец; наследете го царството, подготвено за вас од почетокот на светот“

57 Повеќе за дијалогот помеѓу Богородица и Христос во Деисисот – I. M. Djordjevic, M. Markovic, *On the Dialogue Between the Virgin and Christ in East Christian Art,* Зограф, 28, Београд 2000 – 2001, 13 – 49

58 Ц. Грозданов, *Исус Христос – цар над царевите во живописот на Охридската XV – XVIII век*, Живописот на Охридската архиепископија*,* Скопје 2007, 319; Е. Димитрова et.al, *Матка: културно наследство*, Скопје 2011, 198; Г. Суботиќ, *Охридска сликарска школа,* 141 - 158



Сл. 11 Св. Ахил Лариски



Сл. 12 Св.Стефан

стилот на сликање и оддредени детали, втората фаза на фрескоживопис ја датираме во крајот на XV или првите децении на XVI век. Важно е да се напомене дека фрескоживописот во црквата Св. Петка во с. Брајчино, потекнува од периодот 1486 – 1493 година, и е дело на анонимен зограф од Костур[59]. Стилот, иконографијата и програмата во овие две цркви се сосема различни, притоа во црквата во Грнчари најголем дел од натписите се на словенски јазик, додека во Брајчино сите натписи се на грчки. Тука треба повторно да се напомене дека според нас, фрескоживописот трпел измени т.е. бил пресликан во XIX век. Оваа преслика посебно е евидентна на претставата на Благовештението, Вознесението, сводните површини, Службата на архијереите и претставата на архиѓаконот Стефан. Ова говори дека црквата низ историјата била почитувана, а секако пресликата е направена кога се доградени потпорните ѕидови/контрафори, и најверојатно овој зафат се должи на оштетувањата кои црквата ги претрпела во текот на историјата. Несомнено, најмногу е посветено внимание на претставите во првата зона. Оваа наша претпоставка најмногу е видлива на претставата на патронот на храмот св. Никола, посебно е обрнато внимание на архијерската одежда, и ликот. Тенот на ликот е насликан со потемен колорит, додека брчките и образите се нагласени со светли бои, со темни сенки, сликарот се обидел да ја долови третата димензија, и изгледа прилично грубо. Тоа што може да се забележи е дека авторот не бил добар познавач на пропорциите, па така главата на св. Никола е несвојствено голема за неговото тело. Зголемување на пропорциите има и на претстава на Христос во Деисисот, за што има и други примери, вакувото зоглемување на пропорциите покрај примерот од оваа црква, и

[59] В. Поповска – Коробар, *Ѕидното сликарство с краја XV века у манастирској цркви Свете Петке код Брајчина*, ЗРВИ, XLIV/1, Београд 2007, 549 – 565. Црквата во Брајчино е конзервирана во периодот од 1972 – 1974 година – Ј. Петров, *Истражувачки работи на живописот цо црквата Св. Петка во село Брајчино*, Културно наследство, VI, Скопје 1975, 71 – 75



Сл. 13 Деисис

примерот од манастирот Матка, што го спомнавме погоре во трудот, има и во црквите: Вознесение (Св. Спас) во с. Лескоец (1461/62)[60] и Св. Ѓорѓи во с. Вранештица (1481 – 1512)[61]. Сликарскиот ракопис на зографот се карактеризира со силен цртеж и силни сенки со цел да добие тродимензионала претстава, евидентно на сите претстави, авторот се труди вешто да ги претстави одеждите иако самите фигури немаат никаква елеганција. Авторот покрај одеждата на св. Никола, за што спомнавме и погоре, посветил и големо внимание на одеждите на Светите отци во рамки на композицијата Служба на архијереите. Сите четворица учесници се облечени во полиставриони, врз кои носат омофори, а евидентно е дека оваа композиција била делумно пресликана во XIX век.

Тоа што е важно за фрескоживописот е што има континуитет на фрескоживописување, од XIII–XV/XVI-XIX век, иако подоцнежниот фрескоживопис не се одликува со некакви посебни сликарски особености. На овој начин може да се следи развојот на иконографијата и зографскиот занает низ вековите. Во рамките на проектот „Свети води“ кој започнал во 2019 година, е извршена конзервација и реставрација на црквата од страна на НУ Завод и музеј Битола[62].

60 Г. Суботиќ, *Охридска сликарска школа од XV век,* 93 – 104

61 З. Расолкоска – Николовска, *Црквата Св. Георги во Вранештица*, 96, сл.9

62 https://muzejbitola.mk/holly-water-proekt/ пристапено на 1.08.2023

Vladimir TANEVSKI and Hristijan PETROVSKI

# THE CHURCH OF ST. ELIJAH (ST. NICHOLAS) IN THE VILLAGE OF GRNČARI

*Summary*

This paper represents an analysis of the church dedicated to St. Elijah, located three kilometers south – east of the village of Grnčari in the Prespa region. The church of St. Elijah is a modest, single-nave building with relatively small dimensions. Like most other churches of this type in Macedonia, this church has an apse on its east side that is three-sided on the outside and semicircular on the inside, while the prothesis and the deaconicon, north and south of the altar apse respectively, are reduced to niches. The church was built in the XIII$^{th}$ century, but it was renovated in the XIXth century when two buttresses were build, one on the south side, and another on the north side.

The church interior contains fresco paintings from three different phases. The oldest one dates to the XIIth century. The oldest frescoes are preserved on the west, and parts of the south wall. The frescoes on the west wall, which are best preserved, depict the Assumption of the Virgin and parts of the Transfiguration of Christ. These frescoes are influenced by the frescoes from the church of St. George in the nearby village of Kurbinovo, painted in 1191. The frescoes from the church in the village of Kurbinovo are a well-known example of Komnenian art, renowned for its beauty and theological influences. The inscription written in Slavonic on the north wall above the Deisis is important for the research of the history of the church. The inscription informs us that the church was renovated by the priest Dimitar and his son Rajko (Ratko) and was dedicated to St. Nicholas. The frescoes from the second phase, aka the middle phase, according to our research, date back to the end of the XVth or the beginning of the XVIth century. They are preserved on the vault and in the eastern half of the church. The XIXth century phase is a repainting of the older frescoes most visible on the vault and the east wall. The fresco ensemble from the XV/XVIth century contains: different iconographic depictions of Christ on the vault, below them, on the south and north wall, are seraphim, under them is a frieze of waist-length representations of prophets. The fresco ensemble contains several scenes from the Great Feasts (Annunciation, Birth of Christ, Presentation in the temple, Mhyrrosphores at the sepulcher, Harrowing of Hell and the Ascension of Christ). The first zone contains the depiction of the: Deisis, St. Peter of Alexandria, St. Achilles of Larissa, St. Nicholas and St. Demetrius. The altar contains the depictions of the Virgin in the conch of the apse, Officiating Church Fathers and St. Stephen.

The church of St. Elijah, represents a monument in which the architectural advancements as well as the continued fresco painting traditions thought the ages can be seen and compared. Today the church and the entire monastery are an active, living sanctuary which is visited by many orthodox believers, especially on the day of St. Elijah which is celebrated on the 2nd of August. During the project “Holy Water” which began in 2019, the church was conserved and restored by NU Institute and Museum of Bitola.